**вести-информации**

**news and information**

# КОН ЖИВЕЕЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА:
## Актуелни состојби и идни предизвици

*Оливера РАШИЌ*

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет
Институт за дефектологија

Примено: 08.12.2010
Прифатено: 30.12.2010
UDK: 364-622-056.31(497.711)(063)

Во периодот од 7 до 9 октомври 2010 година, во просториите на хотел „Континентал“ се одржа конференција со наслов: „Кон живеење во заедницата: актуелни состојби и идни предизвици“, организирана од ЕАСПД, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – „ПОРАКА“, „Отворете ги прозорците“, Македонското научно здружение за аутизам и канцеларијата на аташето за социјални политики (BMASK) на Австриската амбасада во Скопје.

Основната цел на конференцијата беше „***Градење на мостови од знаења и добри практики за подобрување на социјалните услови на лицата со инвалидност***“, односно преку дискусии и размена на искуства за различни актуелни состојби во сите региони од Европа, а во духот на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност, да се овозможи и олесни целосното вклучување на лицата со инвалидност во општеството.

Конференцијата беше организирана во шест пленарни сесии и две сесии на работилници со вкупно 10 работилници. На конференцијата присуствуваа околу 200 гости од различни земји во Европа: Велика Британија, Франција, Австрија, Германија, Италија, Белгија, Ирска, Малта, Холандија,

Адреса за кореспонденција:
Оливера РАШИЌ
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет
Институт за дефектологија
„Крсте Мисирков“ бб, 1000 Скопје,
Р. Македонија
oliverarasic@yahoo.com

# TOWARDS LIVING IN THE COMMUNITY:
## The actual conditions and future challenges

*Olivera RASHIKJ*

Ss Cyril and Methodius University
Faculty of Philosophy
Institute of Special Education and Rehabilitation

Received: 08.12.2010
Accepted: 30.12.2010

Between the 7th and 9th of October 2010, in the conference hall of Hotel Continental, a conference on the topic “Towards living in the community: Actual conditions and future challenges,” was conducted. The conference was organized by the following organizations: EASPD, “PORAKA” - the state center for support of people with intellectual disabilities, “Open the Windows,” the Macedonian Scientific Society for Autism and the desk office of the attaché for social political affairs (BAMSK) of the Austrian embassy in Skopje.

The main goal of the conference was for ***“Building the bridges of knowledge and good practice for improving the social conditions of people with disabilities.”*** Through discussions and exchanges of experiences from different existing conditions in regions across Europe, providing and facilitating the full involvement of individuals with disabilities within the society was discussed, all in the spirit of the Convention for the rights of people with disabilities adopted by the UN.

The conference was organized in six sessions and two sessions of workshops assembled by 10 sub-workshops. The conference was graced by the presence of 200 guests from different countries around Europe: Great Britain, France, Austria, Germany, Italy, Belgium, Ireland,

Corresponding Address:
Olivera Rashikj
Ss Cyril and Methodius University
Faculty of Philosophy
Institute of Special Education and Rehabilitation
“Krste Misirkov” bb, 1000 Skopje,
Republic of Macedonia
oliverarasic@yahoo.com

Чешка, Украина, Романија, Хрватска, Бугарија, Србија, Албанија итн., од кои 51 гостин имаа активно учество со свои презентации.

Особена чест беше што на конференцијата присуствуваа, г-дин Франц Волфмаер, претседател на ЕАСПД, г-дин Јан Јараб, регионален претставник за Европа од Високиот комесаријат за човекови права на ОН, г-дин Торстен Афлербак, раководител на Одделението за интеграција на лицата со инвалидност, Оддел за социјална политика, Генерален директоријат за социјална кохезија, г-дин Геро Штулер, аташе за социјални политики и ополномоштен претставник на Сојузното министерство за труд, социјални работи и заштита на потрошувачите во амбасадите на Австрија во Загреб и во Скопје, г-дин Лук Зелдерло, генерален секретар на Европската асоцијација на сервисни служби за лица со инвалидност.

Меѓу претставниците од Македонија, како поистакнати беа: г-дин Џељаљ Бајрами, министер за труд и социјална политика, г-ѓа Слободанка Лазова Здравковска, раководител на Одделението за интеграција на лицата со инвалидност на македонското Министерство за труд и социјална политика. Активен претставник од Филозофскиот факултет - Институт за дефектологија, а воедно и претседател на Македонското научно здружение за Аутизам, беше проф. д-р Владимир Трајковски.

Самата конференција изобилуваше со голем вид различни актуелни теми и проблеми: системите за квалитет ги зајакнуваат специјализираните социјални и сервисни служби, деинституционализација, системи за квалитет, обука за вработените, вклученост на корисниците и проценка на потребите, вмрежување, достапност и служби за поддршка на лицата со инвалидност во Европа, обезбедување пристапност и е-пристапност во општеството, пристапност на информациите и на општеството, образование, вработување, дизајн за сите и е-вклученост.

Конференцијата заврши одбележана со одржување на Генерално собрание на ЕАСПД.

Malta, Holland, Czech Republic, Ukraine, Romania, Croatia, Bulgaria, Serbia, Albania and so on. Among them, 51 guests had taken active part with presentations.

A special honor were the presences of Mr. Franz Wolfmayr, president of the EASPD; Mr. Jan Jarab, regional represent for Europe, High commissariat for human rights of the UN; Mr. Thorsten Afflerbach, mayor of the Department for integration of people with disabilities, the Department for social politics, the General directorate for social cohesion; Mr. Gero Stuller, attaché for social politics and accredited representative of the Federal ministry for labor, social work and protection of consumers of the embassy of Austria in Zagreb and Skopje and Mr. Luk Zelderlo, general secretary of the European association of service agencies for people with disabilities.

More eminent representatives from the Republic of Macedonia were Mr. Dzeljalj Bajrami, minister for labor and social politic and Mrs. Slobodanka Lazova Zdravkovska, chef of the Department for integration of people with disabilities at the Macedonian ministry for labor and social politics. Prof. Dr. Vladimir Trajkovski attended the conference as an active representative from the Faculty of Philosophy for The Institute for Special Education and Rehabilitation, as well as president of the Macedonian Scientific Society for Autism.

The conference was abound with numerous existing issues such as systems for quality enforced special social and service agencies, deinstitutionalization, systems for quality, training of the employees, involvement of the users and assessment of the needs, networking, availability and services for support of people with disabilities in Europe, providing availability and e-availability in the society, availability of information and the society, education, employment, design for all and e-involvement.

The conference was enclosed with the General Assembly of the EASPD.